Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“ – Скопје
Примено: 14.03.2025
107/1

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДОГМАТИКА НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, придружна членка на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весникот „Вечер“ на 17. 02. 2025 година, број 18730, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) Догматика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 81/1, донесена на 05.03.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Милан Ѓорѓевиќ, редовен професор на Православниот Богословски Факултет, д-р Ѓоко Ѓорѓевски, редовен професор на Православниот Богословски Факултет и д-р Стефан Гоговски, доцент на Православниот Богословски Факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област Догматика, во предвидениот рок се пријави д-р Борче Грамбозов.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Борче Грамбозов е роден на 03.08.1989 година, во Битола, Северна Македонија. Средно образование завршил во Македонската Православна Богословија „Свети Климент Охридски“ во Скопје, во 2009 година. Со високо образование се стекнал на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје. Дипломирал во 2013 година, со просечен успех 9.1.

Кандидатот активно се служи со грчкиот и со англискиот јазик, а го користи и старогрчкиот јазик.

Во учебната 2014 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел во Солун, Грција, отсек: Пастирска и општествена теологија, од областа на Догматиката. Студиите ги завршил во 2016 година, со просечен успех 10, и се стекнал со научниот степен *магистер на науки* од научната област Догматика. На 15.09.2016 година на грчки јазик го одбранил магистерскиот труд на тема: „Οι δογματικοί όροι στα Σύμβολα Πίστεως Νικαίας-Κωνσταντινουπόλεως“ („Догматските термини во Никејскиот и

Константинополскиот Симвoл на верата“), под менторство на проф. д-р Деспо Љаљу (Δέσπω Λιάλιου).

Докторска дисертација пријавил на 04.10.2016 година на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел во Солун, Грција, на отсекот: Социјална теологија и христијанска култура, од обласa на Догматиката. Дисертацијата на тема: "Η Αποκάλυψη του Τριαδικού Θεού με βάση την ενότητα Παλαιάς και Καινής Διαθήκης κατά τους Πατέρες του 4ου αι. („*Откровението на Троичниот Бог врз основа на единството на Стариот и Новиот завет според отците на 4-тиот век*“)," ја одбранил на грчки јазик на 31.03.2023 година, пред Комисија во состав: о. Христос Филиотис-Влахавас, вонреден професор на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел, о. Василиос Георгопулос, вонреден професор на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел, Теодорос Питарас, вонреден професор на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел, Симеон Пасхалидис, редовен професор на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел, Василиос Цингос, редовен професор на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел, Атанасиос Папарнакис, редовен професор на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел, Екатерини Цаламбуни, редовна професорка на Богословскиот Факултет при Универзитетот Аристотел. Со тоа се стекнал со научниот степен *доктор на науки* од научната област Догматика.

На 27.12.2022 година е избран во звањето асистент-докторанд на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, во областа Догматика.

Д-р Борче Грамбозов во моментот е асистент-докторанд на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, на Катедрата за систематска теологија, во областа на Догматиката.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Д-р Борче Грамбозов е со богато искуство во наставно-образовната дејност во областа на теологијата. Својата академска кариера ја започнува во 2013 година како редовен професор во Македонската Православна Богословија „Свети Климент Охридски“ во Скопје, каде што активно се посветува на едукацијата на идните генерации на теолози сѐ до 2017 година. Од февруари 2017 година, д-р Борче Грамбозов е ангажиран како асистент-докторанд на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, на Катедрата за библиски студии, во областа на Светото Писмо на Стариот завет и Библиска историја со археологија, а потоа на Катедрата за систематска теологија, во областа на Догматиката. Кандидатот д-р Борче Грамбозов ја извршува својата асистентска дејност по предметите: од академската 2017/2018 до 2018/2019 година „Вовед во Светото Писмо на Стариот Завет“ и „Библиска историја со археологија“, а од академската 2018/2019 по предметите „Догматика I“ и „Догматика II“, како и од академската 2023/2024

„Старогрчки јазик III“ и „Старогрчки јазик IV“. За успешна реализација на наставата подготвил соодветни материјали и скрипти.

Постигнатите поени според Образецот 2 кон извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност се 57,25, што повеќекратно ги наминува утврдените критериуми (минимум 20 поени) согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Борче Грамбозов објавил два трудови во меѓународно научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, две книги рецензирани и објавени во земја членка на Европската Унија, два трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа, еден труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание, и еден труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир. Позначајни се следните: 1. „Faith and Spiritual Renewal in Secular North Macedonia: The Pastoral Role of the Macedonian Orthodox Church-Archbishopric of Ohrid in a Pluralistic Society“, *Occasional Papers on Religion in Eastern Europe*, Volume XLV, Issue 2 (2025), 79-87, ISSN: 2693-2229, https://doi.org/10.55221/2693-2229.2607, 2. The Thirty-Year Activity of the Macedonian Bible Society, with a Special Focus on Modern Translations of the Scripture into Macedonian Language", *Occasional Papers on Religion in Eastern Europe*, Volume XLV, Issue 2 (2025), 122-129, ISSN: 2693-2229, https://doi.org/10.55221/2693-2229.2606, 3. "Η Αποκάλυψη του Τριαδικού Θεού με βάση την ἑνότητα Παλαιάς και Καινής Διαθήκης κατά τους Πατέρες του 4ου αι", IKEE (Aristotle University Thessaloniki – Library), https://doi.org/10.26262/heal.auth.ir.355528, Thessaloniki, Greece, 2023, 4. "Οι δογματικοί όροι στα Σύμβολα Πίστεως Νίκαιας – Κωνσταντινουπόλεως", IKEE (Aristotle University Thessaloniki – Library), https://doi.org/10.26262/heal.auth.ir.285090, Thessaloniki, Greece, 2016, 5. „Христос како теологија и икономија според свети Атанасиј Велики“, *Годишен зб орник на Богословскиот факултет "Св. Климент Охридски"*, 30 (2024), 117-132. ISSN: 1409-5483, 6. "Генеза на Православната догма со посебен осврт на настанот на Педесетница", *Годишен зборник на Богословскиот факултет "Св. Климент Охридски"*, 21-22 (2015/2016), 153-170. ISSN: 1409-5483.

Д-р Борче Грамбозов учествувал на меѓународни конференции, како и на научни конференции во земјава, од кои позначајни се: „Милоста Божја (τὸ ἔλεος τοῦ Θεοῦ – the clemency) кон човекот, во списите на Светите Отци, преку вочовечувањето на Синот“, Меѓународна конференција „Св. Климент Охридски – Милоста и милосрдието во Библијата и во црквата“, Охрид 20-22 Октомври 2016, Критериумите за толкувањето на Светото писмо според Свети Григориј Богослов и Свети Григориј Палама како пример за современа егзегеза“, по повод 40 години од основањето на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје и 50 години од возобновувањето на Македонската православна црква - Охридска архиепископија на тема: Предание и Мисија, 7.12.2017, Црквата, човекот и заедницата“, Втор Светиклиментов научен собир, Православен Богословски

факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје на тема: Вера и општество, 06.12.2018, „Идниот спомен на Православната црква“, Петти Светиклиментов научен собир на тема: Сеќавање (памјат), Православен Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 07.12.2021. „Кнез на Мирот како едно од посебните имиња на Христос: Разликата помеѓу теологијата и икономијата според свети Атанасиј Велики“, Осми Светиклиментов научен собир, Православен Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје на тема: Мирот Божји и мирот човечки, 06.12.2024.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), кандидатот д-р Борче Грамбозов од областа на научно-истражувачката дејност остварил вкупно 51 поен (минимум 20 поени), со што значително ги надминува утврдените критериуми. Може да се констатира дека кандидатот д-р Борче Грамбозов во потполност ги исполнил Општите и Посебните Услови (види Образец 1 и 2) за избор во наставно научно звање.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Борче Грамбозов активно е вклучен во стручно-применувачката работа на Преспанско-пелагониската православна епархија. Кандидатот од 2021 година па с☐ до денес, е одговорен уредник на научното списание „Пелагонитиса“, Македонска православна црква, Преспанско – пелагониска епархија, Битола. Д-р Борче Грамбозов исто така од 01.01.2025 година е вклучен како член на Комисијата на Црковно-просветниот совет на Преспанско-пелагониската Епархија за ревизија на сите публикации и изданија во издавачката дејност на епархијата.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), кандидатот д-р Борче Грамбозов од областа на стручно-применувачката дејност остварил вкупно 5 поени (минимум 5 поени), со што ги задоволува утврдените критериуми.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Борче Грамбозов, на 03.02.2025 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Православниот Богословски факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Борче Грамбозов. Станува збор за личност чиј интелектуален профил се искалил во еден од престижните центри на

современата православна теологија. Неговиот теолошки израз се одликува со исклучителен сензибилитет за историчност и филолошка доследност кон источниците, притоа останувајќи актуелен и подготвен за дијалог со другите сфери на современата православна богослвска рефлексија. Бидејќи лично ангажирана, неговата теолошка мисла излегува од рамките на школската спекулација – таа е жива, критичка, смела, принципиелна и аргументирана. Д-р Борче Грамбозов е млад македонски теолог, чии духовни и научни таланти допрва следува да бидат умножени и преумножени – пат на кој ангажманот како наставник на нашиот Факултет бездруго ќе има исклучително значење.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Борче Грамбозов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област догматика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, д-р Борче Грамбозов да биде избран во звањето доцент во научната област догматика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ
2. Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски
3. Доц. д-р Стефан Гоговски